ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
# УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УВО НОС И ГРЛО - СКОПЈЕ
# СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА,СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2018 06 04/2

**Скопје, февруари 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 - 10 |
| - Основни сметководствени политики | 12 - 13 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 14 - 17 |

Кратенки користени во извештајот:

ЈЗУ – Јавна здравствена установа
**Клиника** – ЈЗУ Универзитетска клиника за уво нос и грло -Скопје
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија
ЗЈН – Закон за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 17 – 71/3

Дата: 11.02.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво нос и грло- Скопје (во понатамошниот текст – Клиника) на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (во понатамошниот текст сметка за сопствени приходи) за 2017 година.

За финансиските извештаи на Клиниката за 2017 година ревизијата изразува мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со закони и прописи на Клиниката, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година констатирано е дека:

- не е спроведен целосен попис на побарувањата во делот на утврдување на старосна структура на побарувањата;
- утврдени се недоследности при спроведување на постапки за јавни набавки.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

На ден 21.01.2019 година со писмо број 03-52/1 од 17.01.2019 година од страна на законскиот застапник на ЈЗУ примено е известување дека Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 152/5 од 18.12.2018 година е разгледан од Управниот одбор на клиниката и истиот е прифатен без забелешки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствена услуга и други средства од сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за усогласеност со закони и прописи на Клиниката, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- д-р Никола Николовски – вршител на должноста медицински директор од 26.06.2007 година - 04.08.2017 година;
- д-р Габриела Копачева Баросова – вршител на должноста медицински директор од 04.08.2017 година - 05.02.2018 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со

ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.08.2018 до 14.09.2018 година кај Клиниката од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15 октомври 2018 година.

На ден 21.01.2019 година со писмо број 03-52/1 од 17.01.2019 година од страна на законскиот застапник на ЈЗУ примено е известување дека Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 152/5 од 18.12.2018 година е разгледан од Управниот одбор на клиниката и истиот е прифатен без забелешки.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1.Финансиски извештаи

#### Биланс на состојба

3.1.1. За усогласување на сметководствена со фактичката состојба одговорните лица на клиниката формираат соодветен број на пописни комисии за вршење на попис на средствата и обврските за известувачкиот период предмет на ревизија. Со извршената ревизија на содржината на пописниот елаборат од извршениот попис ревизијата утврди дека во Извештајот од спроведениот попис во делот на презентирање на состојбите на побарувањата не е наведена старосна структура на истите. Со извршена ревизија констатиравме дека не постојат побарувања чиј рок на застареност е надминат согласно одредбите на Законот за облигациони односи.

Утврдените состојби не се во согласност со член 31 и 32 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и имаат влијание на

целосно извршување на пописот и на квалитетот на информациите кои ги нуди истиот.

**Препорака**

Одговорните лица во Клиниката да преземат активности за целосно спроведување на пописот на побарувањата на начин кој ќе овозможи усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

## 3.2. Користење на средствата согласно законски прописи

3.2.1 Утврдените состојби кои се однесуваат на користење на средствата согласно законските прописи наведени во точката 3.3.1. од Извештајот на овластениот државен ревизор за Финансиските извештаи за сметката за средства од Фондот се однесуваат и за оваа сметка, при што од оваа сметка во 2017 година исплатени се средства во износ од 560 илјади денари.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1., и 3.2. кои се основ за изразување мислење, се :
- нецелосно спроведениот попис на побарувањата и
- недоследности при доделувањето на договорите за ЈН.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје на ден 31 декември 2017 година и резултатот од финансиските активности за година која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1., и 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 14.285 | 15.556 |
| Трансфери и донации | 1.372 | 1.513 |
| **Вкупно приходи** | **15.657** | **17.069** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 358 | 283 |
| Стоки и услуги | 12.905 | 14.600 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13.263** | **14.883** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 913 | 948 |
| **Вкупно капитални расходи** | **913** | **948** |
| **Вкупно расходи** | **14.176** | **15.831** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.481** | **1.238** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.480 | 1.238 |
| Побарувања | 6.525 | 6.295 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.707 | 4.105 |
| Побарувања од државата и други институции | - | 20 |
| Активни временски разграничувања | 416 | 369 |
| **Вкупно тековни средства** | **13.128** | **12.027** |
| **Вкупна актива** | **13.128** | **12.027** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 340 | 369 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.707 | 4.105 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 75 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 8.006 | 7.553 |
| **Вкупно тековни обврски** | **13.128** | **12.027** |
| **Вкупна пасива** | **13.128** | **12.027** |